Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на **ТАУ ЦЕТИ ДООЕЛ -Скопје** за сечење на дрва, Градоначалникот на Град Скопје донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши кастрење (намалување на висината на стеблата) на урбано зеленило ( останато зеленило ) на 2 (две) дрва (елки) што се наоѓаат во дворот на зградата на **бул. "В.С.Бато" бр.63 влез 2 – Скопје.**
2.Кастрењето на дрвата ќе го изврши и организира барателот најдоцна во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението.
3.Кастрењето на дрвата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**ТАУ ЦЕТИ ДООЕЛ, ул. "Париска" бр.12Б - Скопје** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр.**14-6/57** од **14.02.2025** година за сечење на дрвата што се наоѓаат во дворот на зградата на **бул. "В.С.Бато" бр.63 влез 2 – Скопје.**
Службено лице од Град Скопје и службеникот од ЈП "Паркови и зеленило" –Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација.
При тоа е утврдено дека се работи за високи дрва коишто се наоѓаат блиску до зградата и при посилно невреме се нишаат и претставуваат потенцијална опасност за околината.
Согласно член 10 а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20 ) останато зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување, кои претставуваат придружна содржина на други основни намени, а се во сопственост на физички и правни лица, или дадени на нивно користење.
Согласно член 11 став 1 точка 1 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) зелените површините покрај објекти за домување (станбени куќи, станбени згради и друго) се сметаат за тип на останато зеленило.
Согласно член 14 од горе наведениот закон ,подигање, одржување и реконструкција на останатото зеленило, кое е дел од градежна парцела со одредена намена, врши правно или физичко лице, сопственик или корисник на таа градежна парцела, во согласност со овој закон.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или градот Скопје се должни да донесат решение со кое ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво, и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С" или кастрење: „К").
Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за останато зеленило, дека зеленилото е во состојба што треба да се искастри па поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/57/2**
**26.02.2025** година
Скопје

**Доставено до:** Барателот и Архива

Изработил:
**Игор Трпковски**

___________________

Раководител на одделение
**Емил Дуровиќ**

___________________

Помошник Раководител на сектор
**Петар Гичаровски**

___________________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Раководител на Секторот
за комунални работи
**Зоран Лапевски**

___________________